ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучен субјект опфатен со ревизорскиот извештај:** Јавно претпријатие „Стрежево“ Битола

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност

**Цел на ревизијата:** Дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информации во истите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**

- не е воспоставен целосен систем за контрола на начинот на кој корисниците ја трошат водата за наводнување на земјоделските површини;
- за дел од објектите кои се составен дел на системот на наводнување – мрежа, не е регулирана имотната сопственост;
- не е извршен целосен попис;
- недостасуваат податоци за преземените мерки за наплата на спорните и сомнителни побарувања;
- неправилности при пресметка на плата на вработените и
- неупотребена проектна документација за санација на ерозивни промени на земјиштето околу главниот доводен канал.

**Издадено мислење*:** (жолто)

Мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**

- да се преземат мерки за воспоставување на целосна контрола на наплата на приходите;
- да се продолжи со активностите за обезбедување на имотните листови;
- да се посвети поголемо внимание на начинот на кој се врши попис и се следат побарувањата, нивната доспеаност за наплата и застарување и навремено преземање мерки пред надлежните судови и
- да се доуреди исплатата на плати на вработените.

**Клучни системски слабости:**

Потребни се законски и подзаконски измени за уредување на:

- висината на надоместокот за наводнување, основицата за пресметување на надоместоците за користење на водата за наводнување и производство на електрична енергија и
- постапката за јавно позитивно наддавање при продажбата на електричната енергија.

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на ОДР број 17-180/9 од 14.09.2021 година.

(зелено) **позитивно,** (жолто) **со резерва,** (црвено) **неповолно,** (црно) **воздржување**

ул. Јордан Мијалков, Палата „Емануел Чучков“, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov“, Rr. „Jordan Mijallkov“, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Jordan Mijalkov St. Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262, www.dzr.mk, dzr@dzr.gov.mk